


# Мицкоски: Ќе ја поддржиме кандидатурата на Данела Арсовска за иден градоначалник на Скопје, на градот му треба способен менаџер

Почитувани претставници на медиумите,

Денес имавме седница на Извршниот и Централниот комитет каде се разговараше за носење на одлука за кандидат за градоначалник на градот Скопје.

Пред да соопштам за одлуката која беше донесена, морам да кажам неколку работи кои се значајни аспекти околу носењето на самата одлука, а кои беа земени во предвид.

Градот Скопје доживува сериозна стагнација. 4 години се промашени за развојот на главниот град. После 4 години власт на СДСМ во Скопје не се живее подобро како што беше ветувано пред 4 години.

Притоа клучните ветувања за капитални проекти кои ќе го подобрат живеењето на скопјани не се реализираат. Нема ниту еден значаен капитален проект од актуелната управа во градот кој е започнат, изграден, а потоа реализиран.

Ако оправдувањето на власта е дека имало недостаток на средства за нови капитални проекти, тогаш одговорот е дека тоа не е точно затоа што за повеќе од 4 години потрошени се 4 буџети на градот Скопје од  вредност е над 400 милиони евра. Повторувам потрошени се над 400 милиони евра, а епилогот е град кој не се развива и создава решенија за проблемите на скопјани.  Во Скопје нема недостаток на финансиски средства за проекти, во Скопје има недостаток на градоначалник и тим кои ќе работат и ќе го развиваат градот.

Наместо да се имплементираат проекти кои  градот ќе го воведат длабоко во 21 век, имаме проблеми од 19 век.  Делови на Скопје немаат вода за пиење, имаат проблем со канализација. Партизанска се поплавува при најмал дожд. Скопје нема Луна парк, но затоа има бетон, бетон и бетон кој го загрозува квалитетот на живот. Скопје не е центар на културните збиднувања. Нема капитални проекти кои ќе ги решат клучните проблеми на градот: загадениот воздух, сообраќајниот хаос, потребата од зеленило и паркови.

Сето ова се последиците. Причините треба да ги бараме во ароганцијата на градоначалникот, неисполнетите ветувања, но и отсуството на работа.

Епилогот е создавање на апатија, резигнираност кај граѓаните. Гадење од политика, и демотивација.

Затоа на Скопје му е потребно способен и подготвен менаџер на градот, личност која ќе ги обедини најспособните и најкомпетентните за да се гарантира неговиот развој. Но исто така и влевање на сериозна надеж дека знаеме како треба да се обезбеди развојот на градот.

Скопје мора да стане град за сите луѓе. И секогаш во нашите одлуки се водиме пред се од интересот на сите граѓани. Во овој случај, имавме во предвид дека потребно е да се избере решение кое обединува, кое ќе може над партиски да обедини професионалци и компетентни луѓе и личност која е докажан професионалец во својата работа. Токму ИК на партијата, а потоа и ЦК донесе одлука да го поддржи идниот  градоначалник на Град Скопје, а тоа е Данела Арсовска.

